A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

003/03/2018
16.03.2018

03-222/1
20-03-18 год.

ДОГОВОР

ЗА ЈАВНА НАБАВКА **НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ННМ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

склучен на ден 16.03.2018 година помеѓу следните

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**Општина Зрновци** застапувана од Градоначалникот на општина Зрновци Блаже Станков, (во натамошниот текст: Договорен орган односно "Набавувач") од една страна

и

**Друштво за трговија ,производство и услуги ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДОО Кочани**

застапувана од управителот Блага Сенесова од Кочани ул. Страшо Ербапче „ бб – Кочани (во понатамошниот текст Носител на набавката односно „Добавувач„) од друга страна

II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

"Набавувач" е Договорен орган кој го ангажирал Носителот на набавката како Добавувач на нарачаните стоки.

„Добавувач„ е Носител на јавната набавка .

"Понуда на Добавувачот" е комплетирана понудбена документација поднесена од Добавувачот до Набавувачот.

"Предмер пресметка" значи комплетна Предмер пресметка со внесени цени, која е дел од Понудата.

"Денови" денови се календарски денови; месеци се календарски месеци.

"Единечни цени" се цени во кои се вкалкулирани сите давачки (не вклучувајќи го данокот на додадена вредност).

"Примерен рок" е рокот во кој по редовен тек на нештата може да се изврши обврската што е во прашање во конкретниот случај.

"Испорака" значи предавање на набавката од страна на Добавувачот на Набавувачот во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Набавувачот се стекнува со право на сопственост на набавката..

"Сервисирање" претставува отстранување на сите грешки и технички недостатоци, констатирани во Извештајот од извршената ревизија и писмените и усни забелешки од државните органи надлежни за предметот на набавката.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предметот на овој договор е сукцесивна јавна набавка на стоки "Набавка на материјали за улично осветлување и материјали за одржување на ННМ за потребите на Општина Зрновци

Набавката, предмет на овој договор ќе се врши сукцесивно според периодичните потреби на Набавувачот и по претходно доставено барање во кое ќе бидат содржани видот и количината на стоките.

Договорниот орган(Набавувач) нема обврска во целост да ги искористи предвидените количини од техничката спецификација

IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вредност на предметот на договорт, изнесува до 482,649,00 денари.

(Единечните цени за единична мера се преземаат од корегираната Понудата на носителот на набавката).

Во цената се вклучени сите трошоци за набавка на материјалите вклучително и доставата на истите до Административната зграда на Општина Зрновци ,, во село Зрновци .. Во вкупната цена на јавната набавка не е засметан данокот на додадена вредност.

VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година.

VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 6

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го достави според изготвениот опис, по нарачка на Набавувачот . Добавувачот материјалите ќе ги испорачува во административната зграда на Општина Зрновци ,, во село Зрновци .

Набавката ќе биде сукцесивна, во зависност од потребите на Договорниот орган, во времетраењето на Договорот.

Носителот на набавката е должен набавката да ја испорача веднаш или најдоцна во рок не подолг од 2(два) ден сметано од денот на упатената писмена или усмена нарачка за набавка, доставена од овластено лице на Договорниот орган или од него овластеното лице.

Испораката на нарачаните материјали се смета за извршена со потпишувањето на испратницата од овластени лица на Договорниот орган и Носителот на набавката.

Член 7

Ако Добавувачот не ја испорача набавката според Член 6 по добивањето на писмената нарачка, Набавувачот ќе му остави дополнителен примерен рок од 2 (два) часа за испорака на набавката .

Ако Добавувачот ниту во овој рок , не ја испорача набавката, Набавувачот може да го раскине договорот и да бара од Добавувачот надомест на штетата.

IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Средствата за реализација на договорот за јавна набавка се обезбедени од Буџетот Општина Зрновци .Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 (триесет) дена, од доставувањето на фактурата за испорачените стоки за претходниот месец.

## X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 9

Фактурирањето ќе се врши на Општина Зрновци

При изготвувањето на фактурата, Добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата
- валута на плаќање.

Прилог на фактурата е уредно издадена потврда за прием на Набавувачот.

## XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 10

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката од член 2 на овој Договор врши Набавувачот,

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните материјали.

## XII. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 11

Материјален недостаток постои кога Добавувачот предал документација која не е соодветна на техничките спецификации.

Набавувачот е должен примените материјали на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Добавувачот во рок од 1 (еден) час.

Член 12

Кога по приемот на материјалите од страна на Набавувачот ќе се покаже дека истата има некој недостаток што ќе се открие со контролата, Набавувачот е должен, за тој недостаток да го извести Добавувачот во рок од 1 (еден) час, сметајќи од времето кога го открил недостатокот.

Добавувачот е должен констатираните недостатоци (квалитет или квантитет) да ги отстрани на сопствен трошок.

## XIII. ВИША СИЛА

Член 13

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија.

Член 16

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Кочани .

XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

XVI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 18

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 19

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 21

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 22

Овој Договор е составен во 4(четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

***НАБАВУВАЧ:***

Општина Зрновци
Градоначалник
Блаже Станков

***ДОБАВУВАЧ:***

**ДТПУ ПЕРБЛАГ увоз-извоз ДОО Кочани**

Управител
Блага Сенесова